Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 1 декември 2020 година

Скопје, декември 2020 година

З А П И С Н И К

**од Дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 декември 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:15 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финанси, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваа и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Тања Чачарова-Илиевска од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Биљана Пецовска, нотар.

На седницата не учествуваше членот на Владата м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**- Усвојување на Записникот од 23-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 ноември 2020 година.**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија

1. Записник од Тринаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 30 ноември 2020 година

2. Записник од Седмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 1 декември 2020 година, со Предлог – одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територијата на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението

3. Информација за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални Енергетски Ресурси Скопје, во државна сопственост со влогови преку издавање на нови акции од осма емисија по пат на приватна понуда, со Предлог – одлука

4. Годишна сметка за 2019 година и Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. - Скопје во 2019 година, со Извештај од независен ревизор и предлог – одлуки

5. Информација за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ на подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и шумско-полициски станици за грејна сезона 2020/2021 година, со Предлог-одлука

6. Предлог - одлука за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈП Колекторски систем - Скопје за регулиран период 2021-2023 година

7. Програма за изменување на Годишната инвестициона програма за 2020 година на ЈПВ Лисиче-Велес, со Предлог – одлука

8. Тарифник за изменување и дополнување на Тарифникот за висина на надоместокот за користење и увид на податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем, со Предлог – одлука

9. Тарифник за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности, со Предлог- одлука

10. Информација за прифаќање на ревидираните преференцијални правила за потекло на Регионалната конвенција за Паневро-медитерански преференцијални правила за потекло

11. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за основни геолошки истражувања за 2020 година

12. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КО Тетово 1)

13. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КО Струмица)

14. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи

16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Македонската банка за поддршка на развојот, по скратена постапка

17. Предлог на закон за развој, производство и промет на воени стоки

18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица

19. Предлог - програма за изменување на Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2020 година

20. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Ацо Јанев с. Радање Карбинци, со Предлог – одлука

21. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Ленче Јанева с. Радање Карбинци, со Предлог - одлука

22. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство и трговија Адерлен дооел с. Радање Карбинци, со Предлог-одлука

23. Информација за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за воспоставување на интегриран систем за управување, мониторирање, следење и контрола на акцизни добра, со Предлог – одлука и Физибилити студија

24. Информација за реализација на потпрограма П1 – Мерки за справување со КОВИД 19 кризата, во раздел 04001 – Влада на Република Северна Македонија

25. Информација за спроведување на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион

26. Информација за формирање на Комисија за управување со отпад од пакување, со Предлог – одлука

27. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република

Северна Македонија и Трговско друштво за вработување на инвалидни лица, заштитно друштво за производство, трговија и услуги Прима Виста ДООЕЛ Виница, со Предлог- одлука

28. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги АС Фрут Груп увоз-извоз ДОО Скопје, со Предлог- одлука

29. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за градежништво услуги производство и трговија МН-Плака ДООЕЛ увоз-извоз, с. Радолишта, Струга, со Предлог-одлука

30. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за угостителство „Јаја Индустри ДООЕЛ Штип, со Предлог – одлука

31. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за графички услуги и промет Про Солушн ДООЕЛ Скопје, со Предлог – одлука

32. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги Н-А Промет ДОО Гостивар, со Предлог - одлука

33. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги Тотал Принт ДООЕЛ Струмица како корисник на финансиска поддршка, со Предлог – одлука

34. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Трговско друштво за производство на композитни електроизолациони материјали Еуропрофил ад с.Алданци Крушево, со Предлог- одлука

35. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и ДППУ Варади Никола и др. ДОО, со Предлог- одлука

36. Информацијa за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство и трговија ЛТД Грандтекс ДООЕЛ увоз – извоз Штип, со Предлог - одлука

37. Информацијa за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги АЛ-МАК увоз-извоз ДОО Струмица, со Предлог - одлука

38. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги ИГМ-Трејд Илија и др. ДОО Кавадарци, со Предлог - одлука

39. Предлог - одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – собирен кварц на локалитетот „с. Слепче", Општина Долнени

40. Предлог - решенија за формирање комисии за спроведување на постапки за доделување концесии на рибите за организирање на рекреативен и за вршење на стопански риболов на риболовни зони

41. Предлог - програма за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2020 година

42. Информација за работењето на Работната група за следење на постапувања по барањата, претставките и предлозите на органите на државната управа преку проверка и прибирање на факти и докази, согласно заклучоците по точка 26 од Шеесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија за период од 15.5.2019 до 15.5.2020 година

43. Информација за времениот Извештај на ГРЕКО за усогласеност на Република Северна Македонија - Четврт круг на евалуација - на тема „Превенција на корупцијата кај членовите на парламентот, судиите и обвинителите"

44. Информација за потребата од утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија со Предлог – одлука

45. Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Албанија за 2020 година од Акциската програма за преку – гранична соработка Република Северна Македонија - Република Албанија за 2018,2019 и 2020 година – CRIS 2020/041-372, во рамки на ИПА 2, со усогласен текст на Спогодбата за финансирање

46. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана

47. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана

48. Предлог - одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1137 на Советот од 30 јули 2020 година за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија

49. Предлог - програма за изменување на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2020 година

50. Предлог - програма за изменување на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2020 година

51. Предлог - програма за изменување на Националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2020 година

52. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Центар за јавно здравје Кочани

53. Извештај за работата на Комисијата за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство во училиштата во Република Северна Македонија, за период 25.11.2020 година

54. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за квалитет во високото образование

55. Предлог - одлука за давање согласност за бројот на студентите кои се запишуваат на трет циклус на студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во академската 2020/2021 година

56. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, поднесен од група пратеници

57. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, поднесен од група пратеници

58. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, поднесен од група пратеници

59. Годишна програма за работа на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година, со Финансиски план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година

60. Иницијатива поднесена од Институтот за човекови права преку полномошник адвокат Игор Спировски, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.289/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 2 во делот „најдоцна до 65 години возраст" од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19)

61. Иницијатива поднесена од Перица Јакимовски, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.296/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 9 став 1 и 3 од Законот за Фондот за осигурување на депозити („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/2000, 29/2002, 43/2002, 66/2003, 81/2008, 158/2010, 43/2014, 153/2015, 27/2016 и 83/2018)

62. Иницијатива поднесена од Адвокатско друштво Кузмановски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.299/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 163 став 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/2007)

63. Иницијатива поднесена од Адвокат Трајче Митевски од Кавадарци доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.292/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 95 став 1 и став 4 од Законот за нотаријат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018)

64. Понуда од нотар Митко Милков од Кавадарци за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.19270 за КО Кавадарци на КП бр.12613

65. Известување од извршител Антончо Коштанов од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба, доставен под И. Бр.227/11, која ќе се одржи на 10 декември 2020 година, за земјиште евидентирано во Имотен лист бр. 411, КО Бунарџик

66. Кадровски прашања

67. Прашања и предлози

68. Полугодишен извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој, рибарство со аквакултура и ИПАРД Програмата за 2020 година

69. Извештај за реализација на средства од програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2019 година

70. Годишен извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2019 година и ИПАРД Програмата

71. Полугодишен извештај за реализација на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2020 година

72. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, за октомври 2020 година

73. Финансиски извештај за период од 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година на Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје и Финансискиот извештај за период од 1 април 2020 до 30 јуни 2020 година на Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје

74. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“, за период јули - септември 2020 година

75. Информација за текот и прогресот на постапка за доделување на договор за јавна набавка на медицинска опрема – ангиограф за потребите на ЈЗУ Клиничка болница Тетово

76. Информација за текот и прогресот за постапка на доделување на договор за јавна набавка за оформување на хибридна мултифункционална операциона сала со изведување на потребните градежни работи и набавка на потребната медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија, Скопје

77. Информација за спроведување на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019 – 2023 година

78. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија, за октомври 2020 година

79. Предлог на закон за реализација на проектот „Нов Универзитетски клинички центар“ за изградба и ставање во употреба на комплекс на градби, по скратена постапка

80. Информација за потребата од раскинување на Договорот за доделување на државна помош Бр.08-2909/12 од 28.10.2019 година и на Анекс на Договорот за доделување на државна помош Бр.08-2909/21 од 6.12.2019 година, склучени

помеѓу Владата на Република Северна Македонија, како давател на државна помош и Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија Те-то АД Скопје како корисник на државната помош, со предлог - одлуки

81. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2020/2021 година

82. Информација за предлог активности за решавање на статусот на имотот во Канбера на адреса „11 Nuyts Street, Section 12, Block 1, Red Hill, A.C.T. 2603“ во Канбера, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ во сопственост на Република Северна Македонија

83. Информација за предлог активности за решавање на статусот на имотот во Атина на адреса „Evrou 25, 11627, Athens“, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ во сопственост на Република Северна Македонија

84. Информација за потребата од реструктуирање на заемот од Светска банка за Проектот за надградба и развој на патиштата во износ од 83 милиони евра и продолжување на времетраењето на Проектот

85. Предлог - одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО мисијата „Одлучна поддршка“ во Исламската Република Авганистан

*

*   *

Владата без забелешки го усвои Записниокт од 23-та седница на Владата на Република  Северна Македонија, одржана на 10 ноември 2020 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

Владата по повод укажувањето на м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за

европски прашања во однос на подготовката на Националниот инвестициски комитет и процесот на усогласувањето на „Single Project Pipeline“ со економско инвестицискиот план на Европската комисија заклучи:

- Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство и Министерството за правда да ја ревидираат листата на проекти поради потребата од споредување на националните „ Single Project Pipeline “ со економско инвестицискиот план на Европската комисија пред одржување на Националниот инвестициски комитет, кој е планирано да се одржи на 14 декември 2020 година.

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Тринаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 30 ноември 2020 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1.Го усвои Записникот од Тринаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 30 ноември 2020 година.

2. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести, односно го прифати Протоколот со мерки за работа на скијачките центри во Република Северна Македонија, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Согласно ова, наредената мерка од член 13 став 1 точка 10 од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена, со која се затвораат за посетители – гости зимските скијачки центри, престанува да важи.

3. Го прифати Протоколот за одржување настани со медиумско присуство во услови на пандемија предизвикана од Коронавирус, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Имајќи ги предвид претходно наведените заклучоци под реден број 2 и 3, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

4. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести, односно овластените оператори за погребални услуги да вршат подготовка, завиткување, транспорт и закопување на мртво тело кое починало од заразна болест КОВИД-19, исклучиво согласно Протоколот за превенција од инфекција и контрола за безбедно управување со мртво тело во контекст на КОВИД-19 – Прилог бр.70 („Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/20), во кој не е правно нормирано дека постапувањето со тело на умрено лице кое починало од заразна болест КОВИД-19, се врши во затворен и залемен метален сандак.

Воедно, подготовка, завиткување, транспорт и закопување на мртво тело кое починало од заразната болест КОВИД-19 не е утврдено дека се врши во затворен и залемен метален сандак ниту во Правилникот за условите и начинот за закопување, ископување и пренос на умрено лице („Службен весник на Република Македонија бр.26/08), односно заразната болест КОВИД-19 не е уредена во уредбите со овој Правилник и согласно ова, овластените оператори за погребални услуги се должни да го применуваат соодветниот наменски Протокол бр. 70 наведен во став 1 од овој Заклучок.

5. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести во однос на барањата за есхумација на тело на починато лице од КОВИД-19, односно потребно е да се постапува согласно одредбите од Правилникот за условите и начинот за закопување, ископување и пренос на умрено лице („Службен весник на Република Македонија“ бр.26/08), чии одредби се јасни и прецизни во однос на ова прашање.

6. Го прифати предлогот од Записникот од петтата седница на Главниот штаб за управување со кризи, одржана на 30.11.2020 година и ја утврди потребата да бидат преземени активности за навремено, постојано и веродостојно информирање, со цел спречување и оневозможување на создавање и ширење дезинформации, а со крајна цел заштита на јавното здравје.

6.1. Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост и сите останати државни институции, а се препорачува на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, во рамки на своите надлежности, со засилен интензитет да обезбедат навремено и веродостојно информирање на граѓаните за мерките за заштита на населението од заразната болест COVID-19, за состојбата во државата во различните ресори предизвикана од Пандемијата, како и за мерките за справување со оваа кризна состојба.

6.2. Се задолжува Главниот штаб за управување со кризи при Центарот за управување со кризи, во соработка со Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди дневно информирање на јавноста за активностите поврзани со постоењето на кризната состојба на територијата на Република Северна Македонија.

6.3. Се задолжуваат сите министерства на своите веб страници да ги обноват (ажурираат) посебните веб секции за Коронавирус и сите известувања поврзани со Коронавирус задолжително да ги објавуваат во тие посебни секции, а до Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија да достават линк од посебната веб секција, со што ќе се овозможи ажурирање на веб страниците на Владата.

**Точка 2**

Владата го разгледа Записникот од Седмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 1 декември 2020 година, со Предлог – одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територијата на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Седмата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 1 декември 2020 година.

2. Ја утврди Предлог – одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територијата на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на Пандемија прогласена од Светската Здравствена Организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението (со која се предлага на Собранието на Република Северна Македонија да одобри продолжување на рокот за постоење на кризна состојба до 30 јуни 2021 година) и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, а за повереник Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи.

**Точка 3**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални Енергетски Ресурси Скопје во државна сопственост со влогови преку издавање на нови акции од осма емисија по пат на

приватна понуда, со Предлог – одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1.Го донесе новиот текст на Одлуката  за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални Енергетски Ресурси Скопје во државна сопственост, со влогови преку издавање на нови акции од осма емисија по пат на приватна понуда, во предложениот текст.

2.Се задолжува Министерството за економија средствата во износ од 162.000,00 евра во денарска противвредност, по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија објавен на денот пред денот на донесување на Одлуката за зголемување на основната главнина на Национални Енергетски Ресурси Скопје со влогови преку издавање на нови акции од осмата емисија по пат на приватна понуда, кои се обезбедени во Буџетот на Министерството за економија за 2020 година на сметка 100011554763715, Програма 3Д-Гасификација, ставка 485 Вложувања и нефинансиски средства, да ги префрли на Национални Енергетски Ресурси Скопје, согласно Одлуката за зголемување на основната главнина на Национални Енергетски Ресурси Скопје со влогови преку издавање на нови акции од осмата емисија по пат на приватна понуда.

## Точка 4

Владата по Годишната сметка за 2019 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" п.о. - Скопје во 2019 година, со Извештај од независен ревизор, предлог – одлуки, и дополнување ги донесе новите текстови на:

1.Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми  „Национални шуми"- п.о. - Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

2.Одлуката за давање на согласност на Одлуката за распоредување на вишок на средства по Годишната сметка за 2019 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми"-п.о.-Скопје, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми "Национални шуми" на подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и шумско-полициски станици за грејна сезона 2020/2021 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата по најновиот текст на Одлуката за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈП Колекторски систем - Скопје за регулиран период 2021-2023 година, ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈП Колекторски систем - Скопје за регулиран период 2021-2023 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата по најновиот текст на Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма за 2020 година на ЈПВ Лисиче-Велес, со Предлог – одлука ја донесе Одлуката за давање на согласност на Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма за 2020 година на ЈПВ Лисиче-Велес, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата по новиот текст на Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за висина на надоместокот за користење и увид на податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем, со Предлог – одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за висина на надоместокот за користење и увид на податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата по новиот текст на Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности, со Предлог- одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го разгледа новиот текст Информацијата за прифаќање на ревидираните преференцијални правила за потекло на Регионалната конвенција за Паневро-медитерански преференцијални правила за потекло и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за економија, во соработка со Министерството за финансии, Министерството за надворешни работи, Секретаријатот за европски

прашања и Министерството за финансии-Царинската управа и Кабинетот на заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, за координација со економските ресори и инвестиции, во рок од 30 дена да иницира постапка за измена на договорите за слободна трговија со земјите со кои Република Северна Македонија применува преференцијални правила за потекло на стоките (ЕФТА, ЦЕФТА, Турција и Украина) со цел да се обезбеди усогласеност со измената на ССА и примена на новите ревидирани или „преодни" ПЕМ правила за потекло.

2.Се задолжува Министерството за економија, како претседавач на ЦЕФТА Комитетот во 2021 година, во соработка со Министерството за финансии-Царинската управа, како претседавач на ЦЕФТА Поткомитетот за царини и потекло на стоки во 2020 година, во рок од три месеци по измена на ЦЕФТА Договорот да иницира постапка за истовремена примена на новите преодни преференцијални правила за потекло на стоки од сите ЦЕФТА страни.

**Точка 11**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за основни геолошки истражувања за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности КО Тетово, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности КО Струмица, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог – одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот текстот на материјалот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 15**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи и согласно укажувањето изнесено во расправата на седницата на Владата од страна на

секретарот на Секретаријатот за законодавство, условно го утврди со следниве заклучоци:

-Секретаријатот за европски прашања да достави мислење по Предлогот на законот, односно дали согласно предложените изменувања и дополнувања со кои се транспонира директива на Европската Унија е потребно и пополнување на кореспондентни табели и давање на изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија и дали Предлогот на закон произлегува од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија.
Доколку согласно мислењето кое што треба да го достави Секретаријатот за европски прашања овој предлог на закон произлегува од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија и се транспонира директиви на Европската Унија, Министерството за финансии да подготви и достави соодветен текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи кој ќе се достави до Собранието на Република Северна Македонија со ознака за европско знаменце.

-Доколку Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи не произлегува од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија и не транспонира директива на Европската унија, истиот да се утврди како текст на Предлог – закон кој се носи во скратена постапка и согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Виолета Стојановска Петровска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**<u>Точка 16</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Македонската банка за поддршка на развојот, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Виолета Стојановска Петровска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**<u>Точка 17</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за развој, производство и промет на воени стоки, за наредната седница на Владата, поради потребата

Министерството за економија во однос на текстот на Предлогот на законот да организира средба со стручни лица од компании кои работат со промет на оружје и опрема од Групацијата за оружје, експлозивни и опасни материи, пиротехнички средства и програма за воена и цивилна намена при Стопанската комора на Македонија, на која да присуствуваат и претставници од Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

Истовремено во текстот на Предлогот на законот во член 19, став 2 да се допрецизира дека се работи за Закон за Агенцијата за национална безбедност.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници Билјана Додевска, државен советник во Министерството за економија и Илир Шабани, раководител на сектор во Министерството за економија.

**Точка 19**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Ацо Јанев с. Радање Карбинци, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Ленче Јанева с. Радање Карбинци, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство и трговија АДЕРЛЕН ДООЕЛ с. Радање Карбинци со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за воспоставување на интегриран систем за управување, мониторирање, следење и контрола на акцизни добра, со Предлог – одлука и Физибилити студија, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 24**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за реализација на потпрограма П1 – Мерки за справување со КОВИД 19 кризата, во раздел 04001 – Влада на Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата.

**Точка 25**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за спроведување на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 26**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за формирање на Комисија за управување со отпад од пакување, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за формирање на Комисија за управување со отпад од пакување, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата на предлог на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Трговско друштво за вработување на инвалидни лица, заштитно друштво за производство,

трговија и услуги Прима Виста ДООЕЛ Виница, поради потребата од дополнително усогласување.

**Точка 28**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги АС Фрут Груп увоз-извоз ДОО Скопје, на предлог на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 29**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за градежништво услуги производство и трговија МН-Плака ДООЕЛ увоз-извоз, с.Радолишта, Струга, на предлог на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 30**

Владата на предлог на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за угостителство Јаја Индустри ДООЕЛ Штип, со Предлог - одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 31**

Владата на предлог на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за графички услуги и промет Про Солушн ДООЕЛ Скопје, со Предлог - одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 32**

Владата на предлог на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги Н-А Промет ДОО Гостивар, со Предлог - одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 33**

Владата на предлог на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги Тотал Принт ДООЕЛ Струмица како корисник на финансиска поддршка, со Предлог - одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 34**

Владата на предлог на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Трговско друштво за производство на композитни електроизолациони материјали Еуропрофил АД с.Алданци Крушево, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 35**

Владата на предлог на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и ДППУ Варади Никола и др. ДОО, со Предлог- одлука за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 36**

Владата на предлог на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство и трговија ЛТД Грандтекс ДООЕЛ увоз – извоз Штип, со Предлог - одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 37**

Владата на предлог на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги АЛ-МАК увоз-извоз ДОО Струмица, со Предлог - одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 38**

Владата на предлог на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги ИГМ-Трејд Илија и др. ДОО Кавадарци, поради потребата од дополнително усогласување.

**Точка 39**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – собирен кварц на локалитетот „с. Слепче", Општина Долнени, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ги разгледа Предлог-решенијата за формирање комисии за спроведување на постапки за доделување концесии на рибите за организирање на рекреативен и за вршење на стопански риболов на риболовни зони и ги донесе новите текстови на:

1.Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Преспанско Езеро“, во предложениот текст.

2. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Турија“, во предложениот текст.

3. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Треска 2 - Бродски“, во предложениот текст.

4. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 2“, во предложениот текст.

5. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 1“, во предложениот текст.

6. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Преспанско Езеро“, во предложениот текст.

7. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Ратево“, во предложениот текст.

8. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Охридски слив, во предложениот текст.

9. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка“, во предложениот текст.

10. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Крушевска“, во предложениот текст.

11. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Крива Река 1 - Кривопаланечки, во предложениот текст.

12. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулации Конче 1 и Конче 3“, во предложениот текст.

13. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Злетовска Река“, во предложениот текст.

14. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовната зона „Даљан“, во предложениот текст.

15. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Водоча“, во предложениот текст.

16. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 5 - Неготински“, во предложениот текст и

17. Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Брегалница - Делчевски“, во предложениот текст.

## Точка 41

Владата го донесе новиот текст на Програмата за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2020 година, со заклучок предлагачот текстот на Програмата да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за работењето на Работната група за следење на постапувања по барањата, претставките и предлозите на органите на државната управа преку проверка и прибирање на факти и докази, согласно заклучоците по точка 26 од Шеесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија за период од 15.5.2019 до 15.5.2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за времениот Извештај на ГРЕКО за усогласеност на Република Северна Македонија - Четврт круг на евалуација - на тема „Превенција на корупцијата кај членовите на парламентот, судиите и обвинителите“ и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се препорачува надлежните институции (Собранието на Република Северна Македонија, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Државната комисија за спречување на корупцијата), во периодот до јуни 2021 година, да преземат мерки за понатамошна реализација на препораките кои од

страна на ГРЕКО се оценети како неимплементирани и делумно имплементирани, и тоа:

- Собрание на Република Северна Македонија – препораки број: i, ii, и iii,
- Јавно обвинителство на Република Северна Македонија – препораки бр: xiv и xv и
- Државна комисија за спречување на корупцијата – препорака бр. xviii.

2. Се препорачува горенаведените институции (Собранието на Република Северна Македонија, Јавното обвинителство и Државната комисија за спречување на корупцијата) да го информираат Шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО и Министерството за правда за преземените активности најдоцна до 30 јули 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за правда, во периодот до јуни 2021 година, да преземе активности за понатамошна реализација на препораките бр. iii, iv, xii и xvi.

4. Се задолжува Шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО, во соработка со Министерството за правда, врз основа на горенаведените информации да подготват Извештај за реализација на препораките и истиот да го достават до ГРЕКО (во превод на англиски јазик) најдоцна до 30 септември 2021 година.

<u>Точка 44</u>

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, со заклучок Агенцијата за катастар на недвижности да достави мислење по истата.

<u>Точка 45</u>

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Албанија за 2020 година од Акциската програма за преку – гранична соработка Република Северна Македонија - Република Албанија за 2018,2019 и 2020 година – CRIS 2020/041-372, во рамки на ИПА 2, со усогласен текст на Спогодбата за финансирање и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Албанија за 2020 година од Акциската програма за преку – гранична соработка Република Северна Македонија - Република Албанија за 2018,2019 и 2020 година – CRIS 2020/041-372, во рамки на ИПА 2.

2. Се определува м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Албанија за 2020 година од Акциската програма за преку – гранична соработка Република Северна Македонија - Република Албанија за 2018, 2019 и 2020 година – CRIS 2020/041-372, во рамки на ИПА 2.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа на Република Северна Македонија да го планира и предвиди износот на буџетски средства потребни за национално кофинансирање за 2020 година од Акциската програма за преку – гранична соработка Република Северна Македонија - Република Албанија за 2018, 2019 и 2020 година – CRIS 2020/041-372, во рамки на ИПА 2, во рамки на максимално одобрените износи на расходи со Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните години, и во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамки на оваа програма.

## Точка 46

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана, во предложениот текст.

## Точка 47

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана и ја донесе Одлуката, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Исто така Агенцијата за катастар на недвижности да достави мислење по материјалот.

## Точка 48

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1137 на Советот од 30 јули 2020 година за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, во предложениот текст.

## Точка 49

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 50

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 51

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 52

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Центар за јавно здравје Кочани, во предложениот текст.

## Точка 53

Владата го разгледа Извештајот за работата на Комисијата за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство во училиштата во Република Северна Македонија, за период 25.11.2020 година, го усвои Извештајот, го прифати предлогот на Комисијата и заклучи:

1. На ПУ Христијан Карпош, Старо Нагоричане, Бајловце, – се дава согласност за реализирање на настава со физичко присуство за учениците од четврто и деветто одделение.

2. На Државно музичко училиште, Општина Битола, – се дава делумна согласност:

- се дава согласност за организирање настава со физичко присуство на учениците од прво до девето одделение, со подготвен план од училиштете само за индивидуална настава за избран инструмент, со согласност на родителот и со почитување на заштитните епидемиолошки мерки пропишани во протоколот за настава со физичко присуство.

- не се дава согласност за настава со физичко присуство за учениците по теоретските предмети солфеж, хор, оркестар и хорско пеење.

## Точка 54

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за квалитет во високото образование, во предложениот текст.

## Точка 55

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за давање согласност за бројот на студентите кои се запишуваат на трет циклус на студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во академската 2020/2021 година, и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот, текстот на истата да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 56

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Со Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19 и 153/19), регулирани се прашањата кои се однесуваат на системот и организацијата на здравствената заштита и вршењето на здравствената дејност, загарантираните права и утврдените потреби и интереси на државата во обезбедувањето на здравствената заштита, здравствените установи, вработувањето, правата и должностите, одговорноста, евалуацијата, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските на здравствените работници и здравствените соработници, квалитетот и сигурноста во здравствената дејност, коморите и стручните здруженија, рекламирањето и огласувањето на здравствената дејност, вршењето на здравствена дејност во вонредни услови и надзорот над вршењето на здравствената дејност.

Со членот 204 се уредува престанувањето на вработувањето по сила на закон. Во алинејата 6 од истиот член се дефинира прекин на договорот за вработување по однос на возраст согласно прописите од областа на работните односи.

Со Предлог законот по постојниот член 204 се додава нов член 204-а, со кој по исклучок се регулира можноста за продолжување на работниот однос на здравствениот работник и здравствениот соработник заради овозможување на континуирано вршење на здравствената дејност во мрежата на здравствени установи.

Ваквата измена и дополнување е заради континуирано обезбедување на здравствената заштита на осигурениците на територијата на целата држава.

Врз основа на претходно изнесеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието да го донесе Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка, поднесен од група од 28 пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 57**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Согласно членот 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10.000 избирачи. Имајќи ја предвид оваа уставна одредба се цени дека предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи е поднесен од овластен предлагач.

Доставениот Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, поднесен од група на пратеници има за цел да го измени актуелното решение за престанок на работниот однос поради возраст на работникот, кое дава можност за продолжување на работниот однос по наполнети 64 години возраст и 15 години стаж на осигурување, по поднесена изјава за продолжување од страна на работникот.

Со наведените измени и дополнувања на Законот се овозможува примена на принципот на двостраност во уредувањето на работниот однос, со што условот за престанок на работниот однос - 64 години возраст и 15 години стаж на осигурување, станува генерална норма, освен доколку со друг закон не е поинаку уредено.
Дополнително, со Предлогот на закон се уредува и состојбата кога веќе се поднесени изјави за продолжување на договорите, со тоа што важноста на овие договори ќе биде најдоцна до 31.12.2021 година.

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го донесе Законот.

Притоа, потребно е да се проценат фискалните импликации кои ќе произлезат од реализацијата на предложените измени на Законот за работните односи со оглед дека истите ќе имаат влијание на висината на исплатата на пензии.

**Точка 58**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република

Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и 10.000 избирачи.

Со доставените измени и дополнувања на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, се уредува можноста за продолжување на работниот однос (по исполнувањето на условите за пензија) на лицата избрани во наставно- научно и наставно звање поради континуирано вршење на дејноста на високообразовните установи.

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го донесе Законот.

**Точка 59**

Владата ја симна од Дневен ред Годишната програма за работа на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година, со Финансиски план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Институтот за човекови права преку полномошник адвокат Игор Спировски, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.289/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 2 во делот „најдоцна до 65 години возраст" од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се предлага поведување постапка за оценување на уставноста на член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19), од причина што подносителот на истата смета дека истата е ограничувачка и дискриминаторска одредба поради тоа што право на надоместок заради попреченост може да оствари лице до навршување на 65 годишна возраст, а како што е наведено во предметната Иницијатива истото е во спротивност со одредбите од член 8 став 1 алинеја 3 и член 9 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, спротивно на член 14 од Европската конвенција за човековите права, во дел V, член Е од Европската социјална повелба, како и спротивно на членовите 20 и 21 од Повелбата за темелните вредности на ЕУ.
По однос на предметната Иницијатива за оценување на уставноста на 44 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19), разгледани се наводите во Иницијативата и релевантните прописи, со цел за оцена на правните аргументи по однос на истата.

Имено, согласно член 8 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во

меѓународното право и утврдени во Уставот, се темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Согласно член 9 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Правна основа за регулирање на системот на социјалната заштита претставуваат одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и тоа член 34, со која одредба е утврдено дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор и член 35, според кој Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност, како и им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани, им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19,146/19 и 275/19), во членот 2, ја дефинира социјалната заштита како дејност од јавен интерес која се остварува преку, мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните, спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Со член 3 од овој закон е утврдено дека дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување на права на парична помош од социјална заштита и обезбедување на социјални услуги и други мерки утврдени со овој закон. Социјалната заштита се остварува и преку преземање на мерки и активности во вработувањето, стипендирањето, домувањето, заштита на семејството, заштита на децата, здравствената заштита, воспитанието и образованието и во други области согласно со закон. Установите за социјална заштита и другите даватели на социјални услуги во остварување на социјалната заштита, соработуваат со установите за деца, училиштата, здравствените установи, полицијата, правосудните и другиге државни органи, здруженија и други правни и физички лица.

Согласно со член 6 од Законот за социјалната заштита, Републиката се грижи за социјалната заштита на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност и го воспоставува системот на социјалната заштита и го овозможува неговото функционирање, а како носители на социјалната заштита се утврдени Републиката, Општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје, во рамките на нивните законски надлежности.

Со Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19 и 275/19), се изврши реформа на системот на социјалната заштита и евидентно унапредување на правата на лицата со попреченост, засновано на начелата на социјалната заштита, особено на начелото на еднаков третман и недискриминација (член 15), начелото на партиципативност (член 17), начело на индивидуализација (член 18) и начелото на најдобар интерес (член 22).

Со овој пропис, во насока на олеснување на животот и поголемо социјално вклучување на лицата со попреченост како парични права се воведуваат првото на надоместок заради попреченост, надоместок за помош и нега од друго лице, надоместок на плата за скратено работно време поради нега на детето со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања, како и траен надоместок на родител кој се грижеле за своето дете со попреченост и не го сместиле во социјална установа, да се стекне со овој надоместок на возраст за пензионирање, поради тоа што не се стекнале со пензија по друг основ. Со овој закон, правото на надоместок заради попреченост се проширува и за лнцата со интелектуална попреченост, додека додатокот за надоместок за плата за скратено работно време за родител кој чува дете со попреченост се зголемува до 50% од просечна нето плата.

Надоместок заради попреченост, согласно со член 44 од Законот за социјалната заштита, има за цел преку овој надоместок да се обезбеди поттикнување на социјално вклучување и еднакви можности на лице кое е со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице. Со став 2 на оваа одредба, надоместок заради попреченост може да оствари лице со навршени 26 години возраст, најдоцна до 65 годишна возраст, а се користи без оглед на старосната возраст на корисникот. Со член 48, право на надоместок за помош и нега од друго лице може да оствари лице со навршени 26 години возраст, со умерена, тешка или длабока иителектуална попреченост, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги врши основните активности од секојдневниот живот доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи. При тоа, надоместокот заради попреченост и надоместок за помош и нега од друго лице, меѓусебно не се исклучуваат.

Со преодните одредби на Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19), со член 359 е дадено задолжување на центрите за социјална работа по службена должност со решение да извршат преведување на лицата кои оствариле права според досегашниге прописи од социјална заштита, во правата утврдени со одредбите на новиот закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. Воедно, со членот 360 од овој закон, корисниците на постојана парична помош, додатокот на мобилност и слепило, додатокот за глувост и паричен надомесгок за помош и нега од друго лице се преведуваат во соодветното право на парична помош од социјална заштита согласно со постојниот наод, оцена и мислење врз основа на кој е стекнато правото,

до истекот на периодот за контролен преглед, додека со членог 363, лицата кои со решение на Центарот за социјална работа се сместени во установа за институционална заштита и користат право на додаток на мобилност и слепило и додаток за глувост во согласнот со прописите што биле во сила до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат со користење на надоместокот заради попреченост согласно со одредбите од овој закон, додека трае сместувањето.

Со Законот за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19), лицето над 65 годишна возраст, заедно со неговиот брачен другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница, остваруваат парично право во висина на месечен износ од 6.000 денари, како и паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството во висина од 1.000 денари месечно, за месеците од октомври до март.

Реформата на системот на социјална заштита, воведена со новиот Закон за социјалната заштита, овозможи користење на социјални услуги како помош во домот, лична асистенција, обезбедување на помош и поддршка и други услуги во центри за дневно и привремен престој, согласно индивидуалните потреби на крајните корисници. Имено, новиот закон предвидува унапредување и развивање на социјалните услуги кои ќе се обезбедуваат во домот на корисникот, во заедницата и вон семејството, како и иновативни и интервентни социјални услуги.

Услугата помош и нега во домот се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот за лица со намален функционален капацитет, додека услугата лична асистенција опфаќа индивидуална помош за лица со намален функционален капацитет за остварување на основните и инструменталните активности од секојдневниот живот за задоволување на личните потреби и поттикнување на социјалната интеграција и партиципација во општествениот живот, како директна поддршка на лицата со попреченост за овозможување на независен живот и вклучување во општеството.

Исто така, се развива и услугата за одмена на семејна грижа која ќе обезбедува краткотрајно згрижување на зависни членови од семејството заради одмор, лични и професионални потреби на членови на семејството кои се грижат за нив, што е исто така дел од новиот Закон за социјалната заштита.

Брз основа на наведеното, член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита се заснова на уставното начело на социјална праведност, се гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани и се обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Исто така, членот 44 став 2 од Законот за социјалната заштита е во согласност со членот 14 од Европска конвенција за заштита на човековите права, во однос на уживањето на правата и слободите, признати со оваа конвенција и забраната на

дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус.

Врз основа на претходно наведените правни аргументи, Владата на Република Северна Македонија смета дека со ваквата законска определба не се нарушуваат темелните вредности на владеење на правото и еднаквоста на граѓаните утврдени во Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19) е во согласност со член 8 став 1 алинеја 1, член 9, член 34 и член 35 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 2 во делот „најдоцна до 65 години возраст" од Законот за социјалната заштита.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Перица Јакимовски, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.296/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 9 став 1 и 3 од Законот за Фондот за осигурување на депозити („Службен весник на Република Македонија" бр.63/2000, 29/2002, 43/2002, 66/2003, 81/2008, 158/2010, 43/2014, 153/2015, 27/2016 и 83/2018) и по Иницијативата утврди мислење кое Министерството за финансии ќе го подготви, во соработка со Министерството за правда и Секретаријатот за законодавство и кое ќе се достави до Уставниот суд на Република Северна Македонија.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Адвокатско друштво Кузмановски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.299/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 163 став 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр.67/2007) и притоа го утврди следново мислење:

Во членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија се уредени темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Согласно членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Членот 54 од Уставот на Република Северна Македонија уредува дека слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот. Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот. Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба.

Според член 55 од Уставот на Република Северна Македонија се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, а Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Според подносителот на иницијативата, со одредбата од член 163 став (3) од Законот за банките, во случај на стечај на банка Фондот за осигурување на депозити е во поповолна положба во однос на останатите правни лица кои имаат побарувања од таа банка и со тоа се врши дискриминација на доверителите кои се дел од стечајната постапка на банката, особено на оние со депозити во износи повисоки од 30.000 евра. Со ваквиот начин на уредување, се доведуваат во прашање владеењето на правото и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста како темелни вредности од Уставот (член 8 став 1 алинеи 3 и 8) и се задира во еднаквоста на слободите и правата на граѓаните (член 8 став 1 алинеја 1 од Уставот).

Подносителот на иницијативата со оспорената одредба од Законот смета дека на граѓаните – депоненти на средства во банка во износ повисок од 30.000 евра им се ограничуваат слободата и правата, што е во спротивност со член 54 ставови 1 и 2 од Уставот, а истовремено поставеноста на Фондот како приоритетен доверител е монополска и дискриминаторска по основ на општествената положба на Фондот, со што се прекршува членот 54 став (3) од Уставот.

Во иницијативата подносителот наведува дека во случај на стечајна постапка на банка со оспорената одредба од Законот се врши нееднаквост и дискриминација помеѓу Фондот за осигурување на депозити од една страна и сите останати доверители од друга страна (освен доверителите со депозити во банка до 30.000 евра кои целосно се обештетуваат од страна на Фондот во случај на ризичен настан во банка). Ова особено од причина што финансиските средства на Фондот произлегуваат од депозитите на граѓаните – физичките лица депоненти во банките и штедилниците имајќи предвид дека согласно член 7 од Законот за Фондот за осигурување на депозити, за осигурување на депозитите на физичките лица Фондот наплатува премија од членките на Фондот по стапка најмногу до 0,7% годишно од вкупните депозити на физичките лица во секоја банка и штедилница. Поради тоа, подносителот оценува дека оспорената одредба од Законот за банките е во спротивност со Законот за Фондот за осигурување на депозити и истовремено и со Законот за стечај во делот на одредбите кои го регулираат рангирањето на доверителите (од член 116 до член 132).

Во врска со ваквите наводи од подносителот на Иницијативата, се укажува на следното:

Фондот е специјализирана финансиска институција основана со Законот за Фондот за осигурување на депозити која ги обесштетува осигурените депозити во банките и штедилниците, во кои настанал ризичен настан. Согласно членот 4 од Законот за Фондот за осигурување на депозити („Службен весник на Република Македонија" бр.63/00, 29/02, 43/02, 49/03, 81/08, 158/10, 43/14, 15/15, 153/15, 27/16 и 83/18), осигурувањето на депозитите е обврска на сите банки и штедилници, а под депозити се подразбираат денарските и девизните депозити, сертификатите за депозит, трансакциските сметки, депозитите врзани за парични картички и девизни приливи на физичките лица.

Со осигурувањето на депозитите во банките, филијалите на странските банки и штедилниците, Фондот придонесува во одржувањето на стабилноста и довербата на јавноста во банкарскиот и финансискиот систем на земјата.
Оспорениот член 163 став (3) од Законот за банките предвидува побарувањата на Фондот за осигурување на депозити по основ на исплати на осигурени депозити да се исплаќаат пред побарувањата на останатите доверители. Дополнително, во ставот (2) од истиот член е предвидено дека со денот на отворањето на стечајната постапка престануваат побарувањата на физичките лица од банката во стечај по основ на депозит до висината на осигурениот износ на депозитот во согласност со Законот за Фондот за осигурување на депозити. За физичките лица како доверители во стечајната постапка, исплатеното побарување во оваа висина престанува и на нивно место како доверител за целокупниот износ кој го исплатил се јавува Фондот како приоритетен доверител.

Согласно членот 6 став (3) од Законот за Фондот за осигурување на депозити, средствата на Фондот можат да се користат само за обештетување на осигурените депозити на физичките лица и за покривање на трошоци на работење на Фондот.

Членот 7 од Законот го уредува основниот извор на средства на Фондот, според кој за осигурување на депозитите на физичките лица Фондот наплатува премија од членките на Фондот по стапка најмногу до 0,7% годишно од вкупните депозити на физичките лица во секоја банка и штедилница. Дополнително, според членот 8 од истиот Закон, доколку на Фондот му недостасуваат средства за исплата на осигурените депозити на физичките лица, Фондот обезбедува дополнителни средства преку:
1) дополнителни уплати од банките и штедилниците, но не повеќе од три месечни премии уплатени во месецот кој му претходи на месецот во кој гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија го донел решението за укинување на дозволата за основање и работење на банка, филијала на странска банка или штедилница;
2) задолжување во земјата и странство и
3) позајмици од Буџетот на Република Македонија.

Од значењето, финансирањето, како и видот на дејноста што ја врши Фондот јасно се гледа неговата специфична улога и различниот статус споредено со останатите правни субјекти. Оттука, не може да стане збор за нееднаквост и дискриминација на останатите доверители бидејќи Фондот за осигурување на депозити не врши трговска дејност и не работи за профит. Напротив, Република Северна Македонија која согласно член 1 и 35 од Уставот е социјална држава која се грижи за социјалната сигурност на граѓаните, основала Фонд за осигурување на депозити како специјализирана финансиска институција која ги обесштетува осигурените депозити во банките и штедилниците во кои настанал ризичен настан. Обесштетувањето преку Фондот се врши на солидарна основа, односно сите банки и штедилници уплатуваат нивни сопствени средства во Фондот (не средства на граѓаните од прибраните депозити) заради исплата на депозитите на граѓаните во износ до 30.000 евра во денарска противвредност во случај на пропаѓање на било која банка или штедилница. Од тука, функционирањето на Фондот за осигурување на депозити е засновано токму на социјалната правда и солидарноста како темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија (член 8 став 1 алинеја 8 од Уставот).

Улогата на Фондот во одржување на довербата на граѓаните во домашниот финансиски систем и нивните штедни влогови е од круцијално значење за домашната економија бидејќи депозитите на домаќинствата претставуваат сигурен и најевтин начин за финансирање на домашната економија, во услови кога странскиот капитал е помалку достапен и поскап. Поголеми стапки на штедење значат поголем кредитен потенцијал на банките кој придонесува за поголеми стапки на економски раст на земјава. Заштедите се зголемуваат кога клиентите се добро заштитени. Така, Фондот придонесува во одржувањето на стабилноста и довербата на јавноста во банкарскиот и финансискиот систем на земјата. Доколку со исплата на депозитите од една банка се исцрпат средствата со кои располага Фондот, истиот нема да биде во можност да ги обесштети граѓаните при евентуален ризичен настан во друга банка или штедилница, со што се доведува во прашање сигурноста на депозитите во целиот банкарски систем и довербата на граѓаните во истиот, а со тоа е загрозен јавниот интерес - стабилноста на банкарскиот сектор. Според тоа, со ваквиот начин на уредување на работењето на Фондот не се врши дискриминација на останатите доверители по основ на општествената положба на Фондот, туку се обезбедува социјалната сигурност на граѓаните. Токму од тие причини, со членот 163 став (3) од Законот за банките, Фондот за осигурување на депозити има предност во наплатата на побарувањата по основ на исплатени штедни влогови.

Секој граѓанин како сопственик на парични средства може слободно да располога со своите средства и истите може да ги инвестира на пазар на капитал, да ги вложи во инвестициски фондови, да ги вложи како депозит за одредена камата во деловна банка, да ги инвестира во деловен потфат и сл. Вложувањето на паричните средства како депозит во банка зависи од волјата на секој поединец и е одраз на негова лична одлука за инвестирање на средствата кои ги поседува. Вложувањето на паричните средства претпоставува стекнување на одредена корист, но и можен ризик од загуба на вложените средства. Користа и ризикот се во корист односно на

штета на сопственикот на средствата кој по слободна волја одлучил каде ќе ги вложи средствата. Во случајот со депозитите на физичките лица, Република Северна Македонија како социјална држава, се одлучила да ги заштити личните средства на граѓаните депонирани во банките до 30.000 евра, односно депозитите кои претставуваат повеќе од 70% од вкупните депозити на граѓаните во банкарскиот систем на државата. Ова од причина што стабилност на банкарскиот систем е од јавен интерес (член 8 од Законот за Народна банка на Република Северна Македонија), а пропаѓањето на банка може да ја наруши довербата на граѓаните во банкарскиот систем и да доведе до повлекување на депозитите со несакани последици по целата економија. Затоа со Законот за Фондот за осигурување на депозити се обезбедува обесштетување на 70% од штедачите и со тоа се задржува довербата во банкарскиот систем. Според тоа, во никој случај не се нарушува владеењето на правото и не се ограничуваат слободите и правата на човекот по основ на имотната положба на граѓаните со депозити над 30.000 евра од една страна и на посебната општествена положба на Фондот од друга страна, туку напротив се обезбедува правото на сопственост на имателот на штедниот влог, кој што за стекнување одредена добивка (камата) го вложил својот депозит во банка и согласно уставно загарантираното право за еднаков третман и еднакви права на сите лица, има право на побарување од стечајната маса, а со тоа и статус на стечаен доверител. Физичките лица со депозити над износот на осигурените (над 30.000 евра) имаат статус на стечајни доверители и се наплатуваат во ист редослед на наплата како и сите други доверители.

Во членот 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр.67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) е уредено основањето, работењето, супервизијата и престанокот на работењето на банките и на филијалите на странски банки во Република Северна Македонија. Поради посебниот предмет на работа и начинот на контрола на работењето на банките, во членот 157 став (9) од Законот за банките е определено дека на стечајната постапка на банка соодветно се применуваат одредбите од Законот за стечај, доколку поинаку не е определено со Законот за банките. Според членот 4 став (5) од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр.34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14 и 192/15), одредбите од овој закон не се применуваат на стечајната постапка над банки, штедилници, друштва за осигурување и други финансиски организации, освен одредбите со кои се уредуваат прашања кои не се уредени со посебните закони.

Од овие одредби произлегува дека стечајот на банка (финансиска институција) има специфики и поради тоа Законот за стечај упатува и на примена на Законот за банките во случај на отворање на стечајна постапка.
Како што законодавецот пропишал посебна постапка за отворање на стечајна постапка над банка, потребните квалификации на стечајниот управник, предвидените рокови за пријавување на побарувања и слично, така е предвидена и специфичната улога на Фондот за осигурување на депозити, кој е должен да ги исплати депозитите до 30.000 евра, за по исплатата да се појави како обезбеден

доверител кој има приоритет пред другите доверители за исплатената сума по овој основ.

Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) уредува дека стабилноста на банкарскиот сектор и мерките што се преземаат заради постигнување и одржување на неговата стабилност се од јавен интерес. Имајќи ги во предвид трошоците за економијата во целост кои можат да настанат при стечај на банка и/или штедилница, како и последиците врз финансиската стабилност и довербата на граѓаните во финансискиот систем, укажуваме дека законодавецот не извршил ограничување на слободата на пазарот и претприемништвото, туку заради заштита на стабилноста на финансискиот систем како јавен интерес, извршил соодветно подетално уредување на прашањата поврзани со исплатата на побарувањата на доверителите од стечајната маса на банка над која е отворена стечајна постапка.

Воедно, се истакнува дека членот 163 став (3) од Законот за банките не е прв пат да биде оспорен. Имено, со последниот случај на отворање на стечајна постапка над банка од август 2020 година, се актуелизира приоритетноста на Фондот како доверител во стечајната постапка, при што до Уставниот суд имаше пристигнато и друга иницијатива за оценување на уставноста на оваа одредба од Законот за банките (У.бр.247/20 од 14.09.2020 година), за што Владата достави мислење по истата.

Подносителот на Иницијативата се повикува на неконзистентност меѓу одредбите на еден пропис со одредбите од друг пропис (Законот за банките со Законот за Фондот за осигурување на депозити и со Законот за стечај). Во однос на ова, се укажува дека согласно член 110 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и колективните договори со Уставот и законите, но не и за согласноста на еден закон со друг закон.

Врз основа на изнесеното, се смета дека оспорената одредба на членот 163 став (3) од Законот за банките е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да донесе решение со кое нема да поведе постапка за оценување на уставноста на член 163 став (3) од Законот за банките.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Адвокат Трајче Митевски од Кавадарци доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.292/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 95 став 1 и став 4 од Законот за нотаријат („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува дека член 95 ставовите (1) и (4) од Законот за нотаријатот е спротивен со темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија како основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот (член 8 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Македонија и владеењето на правото член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија).

Наведениот член бил спротивен и со член 53 од Уставот на Република Македонија согласно кој адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Со членот 95 став (4) од Законот за нотаријатот се овозможувало на адвокатите да преземаат дејствија без заверка на полномошно на нотар, но само во ситуација кога полномошното го издавало адвокат, односно адвокатот да биде странка и учесник во конкретниот предмет пред нотар.

Ова значело дека адвокатот требало да биде странка и учесник во конкретниот предмет пред нотар и само во таков случај можел со полномошно заверено со адвокатски печат и потпис да овластел друг адвокат во негово име да презема дејствија, односно со заменичко полномошно.
Подносителот смета дека ваквата одредба од Законот за нотаријатот со која се ограничувале правото на адвокатите да не можат да ги застапуваат странките кои им издале полномошно заверено со адвокатски печат, претставувало директен удар и тешка повреда во правата на граѓаните да им биде обезбедена правна помош.

Подносителот наведува, како адвокатите да ја оствареле нивната основна функција на обезбедување правна помош за граѓаните предвидена со член 53 од Уставот кога во постапките пред нотар спротивно на член 16 став 1 од Законот за адвокатура, нотарите не ги признавале полномошната од странките заверени со нивни адвокатски печат.

Подносителот предлага Уставниот суд на Република Македонија да ја провери уставноста на наведената одредба од член 95 ставовите (1) и (4) од Законот за нотаријатот, бидејќи постоела неусогласеност и спротивност на овие одредби со Уставот и по спроведената постапка во членот 95 став (1) од Законот за нотаријатот судот да ги укине зборовите „доколку истиот приложи заверено полномошно“, а во ставот (4) од истиот член да го укине зборот „од“ и наместо: Полномошното издадено од адвокат се заверува со адвокатски печат и потпис, да биде: Полномошното издадено НА адвокат се заверува со адвокатски печат и потпис.

Наводите на подносителот на Иницијативата дека оспоруваните одредби од член 95 став (1) и став (4) се спротивни на член 8 став 1 алинеи 1 и 3 и член 53 од Уставот на Република Северна Македонија, се во целост неосновани од следните причини:
Според член 95 став (1) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија “ бр.71/16, 142/16 и 233/18), во постапката пред нотар, за правни работи

и дејствија за кои тоа по закон е дозволено, учесникот може да презема дејствија преку полномошник, доколку истиот приложи заверено полномошно.

Според став (2) од истиот член, за правните работи од ставот (1) на овој член, со кои се врши располагање или оптоварување на недвижности, полномошното мора да биде специјално и во него изречно да бидат наведени дејствијата кои може да ги презема полномошникот.

Според став (3) од истиот член, за полномошното кое се однесува на преземање дејствија во постапка по доверени работи од страна на судот и издавање на нотарски платни налози се применуваат одредбите од Законот за вонпарнична постапка и од Законот за парничната постапка.

Според став (4) од истиот член, полномошното издадено од адвокат се заверува со адвокатски печат и потпис.

Имено одредбата од членот 95 став (1) од Законот за нотаријатот не се однесува на адвокатите како полномошници на странките или учесниците во постапките пред нотар, туку истата се однесува на било кое физичко лице кое е деловно способно и кое странката или учесникот го овластува како нивни полномошник во нивно име да презема правни дејствија односно да го застапува во постапка пред нотар.
Одредбата пак во член 95 став (4) од Законот за нотаријатот, се однесува на адвокатите кои преземаат дејствија како полномошници во постапките пред нотарите, со која одредба се прецизира дека полномошното издадено од адвокат се заверува со адвокатски печат и потпис, што значи дека истото не треба да биде заверено и кај нотар. Употребен е терминот издадено од адвокат од причина што адвокатите користат готови теркови за полномошно со однапред подготвена содржина, која адвокатот и го дава на својата странка или властодавец да го потпише и истиот е должен да го приложи кога ја застапува странката или учесникот пред нотар.

Од горенаведеното наводите на подносителот дека со членот 95 став (4) од Законот за нотаријатот се овозможувало на адвокатите да преземаат дејствија без заверка на полномошно на нотар, но само во ситуација кога полномошното го издавало адвокат, односно адвокатот да биде странка и учесник во конкретниот предмет пред нотар, како и дека тоа би значело дека адвокатот требало да биде странка и учесник во конкретниот предмет пред нотар и само во таков случај можел со полномошно заверено со адвокатски печат и потпис да овластел друг адвокат во негово име да презема дејствија, односно со заменичко полномошно, како и дека се ограничувало правото на адвокатите да не можат да ги застапуваат странките кои им издале полномошно заверено со адвокатски печат, и дека тоа претставувало директен удар и тешка повреда во правата на граѓаните да им биде обезбедена правна помош, се во целост неосновани.

Беспредметна и апсурдна би била одредбата од член 95 став (1) од Законот за нотаријатот, ако е пропишана да се однесува на адвокати како странки или учесници пред нотар. Кога би била таква ситуација како што ја толкува

подносителот на Иницијативата, адвокатот ќе биде во иста положба како и секоја странка, па се поставува прашање зошто законодавецот би пропишувал посебна одредба која би важела за адвокати како странки или учесници пред нотар.

Неосновани се и наводите на подносителот дека спротивно на член 16 став 1 од Законот за адвокатура, нотарите не ги признавале полномошната од странките заверени со нивни адвокатски печат, од причина што во праксата од започнувањето со примената на Законот за нотаријатот во 2017 година, немало никакви проблеми во примената на оспорената одредба ниту пак истата се толкувала на начин како што ја толкува подносителот на иницијативата.

Воедно во Законот за нотаријатот пропишани се одредби кои се однесуваат на одбивање на нотарот за преземање на службено дејствие.

Така според членот 30 став (1) од Законот за нотаријатот, нотарот не смее без оправдани причини да одбие преземање на службено дејствие. Според став (2) од истиот член, нотарот е должен да одбие преземање на службено дејствие ако тоа е неспојливо со неговата службена должност, а особено ако неговото учество се бара за постигнување на очигледно недозволени цели. Според став (4) од истиот член, нотарот ќе одбие преземање на службено дејствие, ако странките немаат уредно овластување во согласност со прописите со кои е уредено преземањето на таквото дејствие, како и доколку исправата за правната работа не содржи адвокатски печат и потпис односно не е присутен адвокат согласно одредбите од овој закон.

Законот за нотаријатот пропишува и заштита на правата на странките во случај нотарот да одбие преземање на службено дејствие односно според член 30 став (5) од законот, ако нотарот одбие да преземе службено дејствие, по писмено барање од странката, тој е должен во рок од три дена од приемот да донесе писмено решение со образложение за причините поради кои се одбива преземање на службеното дејствие, а според став (6) од истиот член, против решението од ставот (5) на овој член, странката има право да поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Управниот одбор на Комората, кој одлучува во рок од осум дена од приемот на жалбата.

Досега нема ниту еден пријавен случај дека нотар одбил да преземе службено дејствие поради тоа што странката се потпишала на полномошно кој го издал адвокат, а истото не било заверено кај нотар, односно доколку странката му го потпишала полномошното на адвокатот со кое го овластува да презема определени правни дејствија и да ги застапува нејзините интереси, истото никогаш не било одбиено и не било причина за одбивање од нотар.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека оспорените одредби од членот 95 ставовите (1) и (4) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16 и 233/18), се во согласност со членот 8 став 1 алинеи 1 и 3 и член 53 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на

постапка за оценување на уставноста на членот 95 ставовите (1) и (4) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, 142/16 и 233/18).

**Точка 64**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Митко Милков од Кавадарци за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.19270 за КО Кавадарци на КП бр.12613 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 65**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Антончо Коштанов од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба, доставен под И. Бр.227/11, која ќе се одржи на 10 декември 2020 година, за земјиште евидентирано во Имотен лист бр. 411, КО Бунарџик и по Известувањето го усвои негативното Мислење од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 66**

**1.** Владата го именува проф. д-р Владо Бучковски за специјален претставник на Владата на Република Северна Македонија за Република Бугарија со мандат од една година и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**2.** Владата го именува Бесник Ферати за заменик на директорот на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата и зголемување за 30% на платата утврдена за извршување на функцијата.

**Точка 67**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 18 ноември 2020 година до 24 ноември 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се

загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 20 ноември 2020 година до 26 ноември 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата, на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија заклучи да им додели еднократна финансиска награда во висина од 30.000,00 денари на секој од седумминатa ангажирани пиротехничари кои биле вклучени во акцијата за отстранување на голем број артилериски гранати кои биле пронајдени при изведување на градежни работи на Градскиот стадион во Битола. Средствата за еднократната финансиска награда потребно е да бидат исплатени од Буџетот на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

**4.** Владата, на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство заклучи:

1) Да се измени ставот (2) од Заклучокот од точка 38, од Педесет и петтата седница на Владата, одржана на 20 февруари 2018 година и истиот да гласи:

„2. Се овластуваат Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање да го потпишат Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на водите.”.

2) Да се измени ставот (2) од Заклучокот од точка 23, од Шеесеттата седница на Владата, одржана на 20 март 2018 година и истиот да гласи:

„2 Се овластува Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство да го потпише Меморандумот за разбирање, за соработка во областа на шумарството помеѓу Министерството за земјоделство и шумарство на Република Турција и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија.”.

3) Да се измени ставот (2) од Заклучокот од точка 33, од Сто четириесет и четвртата седница на Владата, одржана на 16 јули 2019 година и истиот да гласи:

„2. Се овластува Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство да го потпише Протоколот за соработка помеѓу Република Турција – Претседателство на Турска Агенција за соработка и координација и Република Северна Македонија - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство за поддржување на Програмата за безбедносна храна и квалитетен живот во Македонија.”.

**5.** Владата го разгледа Барањето за постапување по Извадок од Записникот за точка 35 од Седмата седница на Владата, одржана на 29.09.2020 година по

Информацијата за Програмата на економски реформи 2021-2023 година со Акциски план за спроведување на препораките усвоени на Економско – финансискиот дијалог од 19 мај 2020 година и го усвои, со следниве заклучоци:

1) Се задолжуваат заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за здравство и Генералниот секретаријат на Владата до 8 декември 2020 година до Министерството за финансии-Националниот координатор за подготовка на Програмата за економски реформи, да достават предлози на активности и рокови за нивна реализација преку кои ќе се исполнат заедничките заклучоци наведени во Акцискиот план за реализација на препораките усвоени на Економско – финансискиот дијалог во мај 2020 година.

2)Се задолжуваат заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за здравство и Генералниот секретаријат на Владата до 8 декември 2020 година до Министерството за финансии-Националниот координатор за подготовка на Програмата за економски реформи, да достават степен на реализација и опис што е преземено за исполнување на препораките во нивна надлежност, согласно Акцискиот план за реализација на препораките усвоени на Економско-финансискиот дијалог во мај 2020 година.

**6.** Владата ја разгледа Информацијата со Анализа и Акциски план за Преспанското Езеро, подготвена од Експертската работна група за Преспанско Езеро, како материјал за информирање.

**7.** Владата заклучи да го извести Собранието на Република Северна Македонија, дека покрај веќе определените претставници на Владата во Собранието по Предлогот на закон за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од КОВИД 19 врз производството, откупот на грозје и винската индустрија, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, под бр.44-10370/1 од 3 ноември 2020 година, го определува и Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**8.** Владата заклучи, министерот за правда, да формира Работна група со претставници од Министерството за внатрешни работи, Управата за извршување на санкции, Министерството за здравство, Врховниот суд на Република Северна Македонија и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, со цел во најбрз рок до Владата да достават предлог решение, за тоа што надлежните институции треба да преземат за превенција од проширување на Коронавирусот COVID-19 во затворските установи.

**9.** Владата ја разгледа Информацијата за потреба за неодложно изведување на брзи мерки за заштита на животната средина од негативното влијание на нестандардната депонија Русино во Општина Гостивар и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се овластува Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање да издаде Наредба за реализирање на брзите мерки со цел преземање активности за да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето и истите се преземаат пред да дојде до штетни последици од состојбата со нестандардната депонија во Русино.

**10.** Владата по повод одбележувањето на државниот празник 8 Декември – „Св. Климент Охридски", предложено од Организацискиот одбор за прослава на државниот празник 8 Декември – „Св. Климент Охридски" заклучи:

1)Владата на Република Северна Македонија да ја преземе организацијата на централното одбележување на државниот празник 8 Декември - „Св. Климент Охридски", за 2020 година, со протоколарен настан – положување на цвеќе на споменикот на „Св. Климент Охридски" пред НУБ „Св. Климент Охридски", на 8 декември 2020 година, со почеток во 11:00 часот.

По тој повод се формира Делегација за одбележување на државниот празник 8 Декември - „Св. Климент Охридски" во состав:

- м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања,
- д-р Бујар Османи, министерот за надворешни работи и
- д-р Ирена Стефоска министер за култура.

2) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија, сценариото да го достави до сите засегнати страни кои треба да го организираат настанот и да го организира медиумското следење на настанот.

3) Се задолжува Службата за протокол на Владата на Република Северна Македонија да подготви покани, листа на гости и организациски подготовки за протоколарните делови од настанот вклучувајќи положување на цвеќе и соодветна опрема.

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за одбележувањето на 8 Декември – „Св. Климент Охридски".

5) Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди гардисти и опрема за свечено положување свежо цвеќе на горенаведената локација.

6) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди заштитни средства за превенција од корона вирусот за настанот (2 пакувања заштитни маски и 1 пакување дезинфициенс).

7) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да набави материјали за одбележувањето на празникот (јажиња и столпчиња).

8) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди и венци за свеченото положување на цвеќе.

9) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди превоз за делегацијата и венец за положување цвеќе на Сојузот на борците од НОВ.

10) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на празникот.

**11.** Владата по повод разгледувањето на Предлог - одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2020/1137 на Советот од 30 јули 2020 година за спроведување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија (Точка 48 од Дневниот ред), заклучи, Министерството за надворешни работи, во иднина, при доставувањето во владина постапка на предлог одлуките за воведување на рестриктивни мерки, согласно Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на Европската Унија, да обезбеди и во прилог на материјалот да достави мислење од Секретаријатот за европски прашања, имајќи предвид дека предметната материја е регулирана со Поглавјето 31 од Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на Европската Унија.

**Точка 68**

Владата го разгледа новиот текст на Полугодишниот извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој, рибарство со аквакултура и ИПАРД Програмата за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на средства од програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата го разгледа Годишниот извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2019 година и ИПАРД Програмата, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за реализација на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, за октомври 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за период од 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година на Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје и Финансискиот извештај за период од 1 април 2020 до 30 јуни 2020 година на Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми", за период јули - септември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на постапка за доделување на договор за јавна набавка на медицинска опрема – ангиограф за потребите на ЈЗУ Клиничка болница Тетово, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот за постапка на доделување на договор за јавна набавка за оформување на хибридна мултифункционална операциона сала со изведување на потребните градежни работи и набавка на потребната медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија, Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019 – 2023 година, како материјал за информирање.

## Точка 78

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија, за октомври 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 79

Владата го разгледа Предлогот на закон за реализација на проектот „Нов Универзитетски клинички центар“ за изградба и ставање во употреба на комплекс на градби, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство и д-р Илир Хасани, заменик на министерот за здравство, а за повереник Татјана Васиќ-Бозаџиева, државен советник во Министерството за здравство.

## Точка 80

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од раскинување на Договорот за доделување на државна помош Бр.08-2909/12 од 28.10.2019 година и на Анекс на Договорот за доделување на државна помош Бр.08-2909/21 од 6.12.2019 година, склучени помеѓу Владата на Република Северна Македонија, како давател на државна помош и Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија Те-то АД Скопје како корисник на државната помош, со предлог - одлуки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за доделување на државна помош, Бр.08-2909/12 од 28.10.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, како давател на државната помош и Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија Те-то АД Скопје, како корисник на државната помош, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за едностран раскин на Анекс на Договорот за доделување на државна помош, Бр.08-2909/21 од 6.12.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, како давател на државната помош и Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија Те-то АД Скопје, како корисник на државната помош, во предложениот текст.

3. Одлуката за едностран раскин на Договорот за доделување на државна помош, Бр.08-2909/12 од 28.10.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, како давател на државната помош и Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија Те-то Ад Скопје, како корисник на државната помош и Одлуката за едностран раскин на Анекс на Договорот за доделување на државна помош, Бр.08-2909/21 од 6.12.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, како давател на државната помош и Друштвото за

производство на електрична и топлинска енергија Те-то АД Скопје, како корисник на државната помош да се доставaт и до:

- Министерството за финансии – Управа за јавни приходи;
- Комисијата за заштита на конкуренцијата и
- Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија Те-то АД Скопје.

Истовремено, во однос на долгот кој го има Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија Те-то АД Скопје, Владата заклучи да препорача на Управата за јавни приходи, во законски рамки и согласно можностите на Управата за јавни приходи и Друштвото да склучат договор за плаќање на истиот на рати.

**Точка 81**

Владата ја разгледа  Предлог – одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2020/2021 година, и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот, текстот на истата да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за предлог активности за решавање на статусот на имотот во Канбера на адреса „11 Nuyts Street, Section 12, Block 1, Red Hill, A.C.T. 2603“ во Канбера, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ во сопственост на Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и го  задолжи Министерството за надворешни работи да продолжи со активности за решавање на статусот на имотот во Канбера на адреса 11 Nuyts Street, Section 12, Block 1, Red Hill, A.C.T. 2603 во Канбера, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ во сопственост на Република Северна Македонија, согласно опцијата 1 од Информацијата.

**Точка 83**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за предлог активности за решавање на статусот на имотот во Атина на адреса „Evrou 25, 11627, Athens“, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ во сопственост на Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се разгледа во присуство на д-р Бујар Османи, министерот за надворешни работи.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од реструктуирање на заемот од Светска банка за Проектот за надградба и развој на патиштата во износ од 83

милиони евра и продолжување на времетраењето на Проектот и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, по усвојувањето на оваа Информација, веднаш да испратат заеднички допис до Светска банка за продолжување на времетраењето на Проектот за надградба и развој на патиштата финансиран од Светска банка наместо до 31 декември 2020 година, до 30 декември 2022 година и воедно да побараат рестуктуирање на заемот кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за надградба и развој на патиштата во насока на прифаќање на опцијата со асигнација, односно преземање на Договорот помеѓу сегашниот Изведувачот на работите Тирена Скави – Италија и идниот Изведувач согласно член 1.7 од Договорот за градежни работи помеѓу изведувачот Тирена Скави С.п.А – Италија и Јавното претпријатие за државни патишта, со претходно одобрување од Светска банка како и откажување од 10 милиони евра од заемот од вкупно 20 милиони евра неалоцирани средства во заемот.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во соработка со Светска банка, да продолжи да ја следи и спроведува опцијата со асигнација, односно преземање на Договорот помеѓу сегашниот Изведувач на работите Тирена Скави – Италија и идниот Изведувач и за исходот од процесот да ја извести Владата по завршување на преговорите.

## Точка 85

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО мисијата „Одлучна поддршка“ во Исламската Република Авганистан, во предложениот текст.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:00 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |